Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 01.06.2020

На 31.05.2020 во 22.10 часот на ул.„Владимир Комаров" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода П.П.(21) и А.Ј.(22), двајцата од Скопје, бидејќи кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветени поднесоци.

На 01.06.2020 во 02.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на ул. „Ресенска" настанал пожар во паркирано патничко моторно возило „ауди А8" со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.Р.(35) од Скопје. Во пожарот целосно бил опожарен предниот дел на возилото, а пожарот бил изгаснат од противпожарната единица од Скопје. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 31.05.2020 во 19.10 часот во Полициската станица Кичево, М.Е.(39) од Кичево пријавил дека на бул.„Ослободување" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 31.05.2020 околу 15.00 часот во Полициската станица Велес, Л.Т.(65) од Велес пријавил дека на ул.„Благок Ѓорев" бил каснат од куче скитник.

На 31.05.2020 во СВР Куманово било пријавено дека бил пронајден В.А.(76) од Куманово за кој неговата сопруга В.А.(72) претходно пријавила дека се оддалечил од домот на ул. „Жикица Јовановиќ Шпанац" во Куманово.

На 30.05.2020 околу 20.30 часот во СВР Битола, 29-годишна жителка на Прилеп пријавила дека слушнала пукање пред пекара на ул.„Јоска Јорданоски". Полициски службеници излегле на местото и пронашле и подигнале една чаура од куршум од гасен пиштол. Во разговор со полициските службеници пријавителката истакнала дека, додека поминувала тука со членови од семејството, забележала паркирано возило спроти пекарата, а кога поминале слушнале два истрели од возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.05.2020 во 21.08 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреди во неконтактибилна состојба бил донесен Е.Ј.(31) од Скопје. Дежурниот доктор констатирал дека повредениот се здобил со пет убодни рани во пределот на стомакот. Според добиените информации, Е.Ј. бил повреден во угостителски објект на ул.„Џон Кенеди". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2020 околу 01.00 часот во Полициската станица Куманово, М.Т.(28) од Куманово пријавил дека на 31.05.2020 околу 23.30 часот бил физички нападнат од неколку лица кои ги познава, при што бил прободен со остар предмет на левата рака. Според пријавеното, додека бил во возило „бмв" со неговиот пријател М.Д. од Куманово во близина на угостителски објект на бул.„Октомвриска Револуција", им се доближиле лицата и физички го нападнале М.Т., при што еден од нив со остар предмет му нанел убодна рана на левата надлактица. После тоа, тие заминале во болницата во Куманово каде му била укажана лекарска помош. Во врска со настанот приведени биле А:Р.(32), Д.А.(19), А.Г.(27), М.З.(30) и Д.П.(26), сите од Куманово. По целосно документирање на случајот, СВР Куманово ќе поднесе соодветна пријава.

На 30.05.2020 во 04.35 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека во периодот од 22.00 часот на 29.05.2020 до 04.00 часот 30.05.2020 на паркинг на ул.„Трпе Петревски" во Скопје настанал пожар во паркирано патничко возило „фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Г.Т.(37) од Скопје. Со пожарот било зафатено друго паркирано патничко возило „тојота аурис" со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.Т.(52) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 31.05.2020 во 13.37 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кампот за бездомници во Чичино село бил пронајден починат С.Ш.(61) од Скопје, времено сместен во кампот. Смрт констатирал доктор од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 31.05.2020 во 12.26 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Анри Барбис" непознат сторител оштетил стакло од штаб на политичка партија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица и СВР Охрид поднесоа 13 кривични пријави против Ѓ.А.(78), Е.И.(20), Б.П.(45), С.С.(21), П.Ч.(27), С.Ф.(22), А.П.(22), сите седум од Гевгелија и биле лишени од слобода, М.Т.(24) од Валандово и бил лишен од слобода, С.Х.(41) од Радовиш и бил лишен од слобода, Љ.М.(33) од Скопје и била лишена од слобода, Д.Т.(19) од Охрид, П.Д.(21) од Битола, А.А.(23) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.

ОВР Струга, до надлежното Основно јавно обвинителство, поднесе кривична пријава против К.А.(28) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот". Тој, на 11.05.2020 во 18.40 часот на улицата „Партизанска" во Струга, поради неприлагодена брзина на движење, недржење страна и правец на движење, со возило го удрил Д.И.(40) од Струга и му нанел тешки телесни повреди.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет